# ‚О, Ебу Бекр, што мислиш за двајца, а за кои Аллах е третиот?‘“

Ебу Бекр ес-Сидик, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: „Ги гледав нозете на мушриците веднаш над нашите глави додека бевме во пештерата, па реков: ‚О, Божји пратенику, ако некој од нив само погледне кон своите нозе, ќе нè забележи под нив.‘ Тогаш тој, салаллаху алејхи ве селем, рече: ‚О, Ебу Бекр, што мислиш за двајца, а за кои Аллах е третиот?‘“

[صحيح] [متفق عليه]

Владетелот на верниците, Ебу Бекр ес-Сидик, Аллах нека е задоволен со него, раскажува за случка во времето на хиџретот. „Ги гледав нозете на мушриците како стојат над нашите глави, на самиот врв од пештерата Севр, а ние бевме внатре. Тогаш реков: ‚О, Божји пратенику, ако некој од нив само погледне кон своите нозе, ќе нè забележи под нив.‘ На тоа тој, Пратеникот салаллаху алејхи ве селем, рече: ‚О, Ебу Бекр, што мислиш за двајца, за кои Аллах е третиот – со Неговата помош, заштита и упатство?‘“

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3447